Врз основа на член 13 став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/24) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, бр. 01-197/3 од 15.4.2024 година и бр. 01-109/3 од 11.2.2025 година, а во врска со член 2 став 15 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19) и Правилникот за програмата за полагање на стручниот испит на наставник - приправник и стручен соработник - приправник и за начинот на спроведувањето на стручниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 121/20), Државниот испитен центар Скопје распишува

## ЈАВЕН КОНКУРС

***за избор на претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии***

**I.** Државниот испитен центар распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници - претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит за наставници и стручни соработници од основните и средните училишта, и тоа за:

1. **МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК и МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА** *– двајца надворешни соработници на македонски наставен јазик.*
2. **АЛБАНСКИ ЈАЗИК и АЛБАНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА** *– двајца надворешни соработници на албански наставен јазик.*
3. **ТУРСКИ ЈАЗИК и ТУРСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА** *– двајца надворешни соработници на турски наставен јазик.*
4. **СРПСКИ, РОМСКИ, БОСАНСКИ, ВЛАШКИ ЈАЗИК И КУЛТУРА** *– двајца надворешни соработници на српски/ромски/босански или влашки наставен јазик.*
5. **ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** *– четворица надворешни соработници на македонски наставен јазик.*
6. **ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК** *– четворица надворешни соработници на албански наставен јазик.*
7. **ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ НА ТУРСКИ ЈАЗИК** *– двајца надворешни соработници на турски наставен јазик.*

*Двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик)* за секој од предметите или струките/секторите:

**8. МАТЕМАТИКА; 9. ИНФОРМАТИКА; 10. ФИЗИКА; 11. ХЕМИЈА и ПРИРОДНИ НАУКИ; 12. БИОЛОГИЈА; 13. ГЕОГРАФИЈА; 14. ИСТОРИЈА; 15. СОЦИОЛОГИЈА, СОЦИОЛОЗИ, СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ, ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ и ГРАЃАНСКА КУЛТУРА; 16. ЗАПОЗНАВАЊЕ НА РЕЛИГИИТЕ, ЕТИКА НА РЕЛИГИИ, ЕТИКА и МИР И ТОЛЕРАНЦИЈА; 17. ФИЛОЗОФИЈА, ЛОГИКА, ЕСТЕТИКА; 18. КЛАСИЧНА КУЛТУРА НА ЕВРОПСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА и ЛАТИНСКИ ЈАЗИК; 19. АНГЛИСКИ ЈАЗИК; 20. ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК; 21. ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК; 22. ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ; 23. ЛИКОВНА УМЕТНОСТ, ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – ЛИКОВНА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН и ГРАФИЧКА СТРУКА; 24. МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – МУЗИЧКА И БАЛЕТСКА УМЕТНОСТ; 25. ПСИХОЛОГИЈА и ПСИХОЛОЗИ; 26. ПЕДАГОГИЈА и ПЕДАГОЗИ; 27. СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ (ДЕФЕКТОЛОЗИ, ЛОГОПЕДИ); 28. БИБЛИОТЕКАРИ; 29. СТРУКА/СЕКТОР: ЗДРАВСТВЕНА / ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА и УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ; 30. СТРУКА/СЕКТОР: УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА / УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ; 31. СТРУКА/СЕКТОР: ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА/ ЗЕМЈОДЕЛСТВО, РИБАРСТВО И ВЕТЕРИНАРСТВО; 32. СТРУКА/СЕКТОР: ХЕМИСКО-ТЕХНОЛОШКА/ХЕМИЈА И ТЕХНОЛОГИЈА; 33. СТРУКА/СЕКТОР: ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА/ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ; 34. СТРУКА/СЕКТОР: СООБРАЌАЈНА/СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ; 35. СТРУКА/СЕКТОР: МАШИНСКА / МАШИНСТВО; 36. СТРУКА/СЕКТОР: ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА/ЕЛЕКТРОТЕХНИКА; 37. СТРУКА/СЕКТОР: ЕКОНОМСКА-ПРАВНА И**

**ТРГОВСКА/ЕКОНОМИЈА, ПРАВО И ТРГОВИЈА и ИНОВАЦИИ; 38. СТРУКА/СЕКТОР: ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКА/ ГРАДЕЖНИШТВО И ГЕОДЕЗИЈА; 39. СТРУКА/СЕКТОР: ЛИЧНИ УСЛУГИ**

*Двајца надворешни соработници (на македонски наставен јазик)* за секој од предметите или струките/секторите:

**40. ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК; 41. СТРУКА/СЕКТОР: ШУМАРСКО-ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКА/ШУМАРСТВО И ОБРАБОТКА НА ДРВО; 42. СТРУКА/СЕКТОР: ГЕОЛОШКО-РУДАРСКА И МЕТАЛУРШКА/ГЕОЛОГИЈА, РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА;**

**43. ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ** – *четворица надворешни соработници (двајца на македонски наставен јазик и двајца на албански наставен јазик)*.

**II. Услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите и задолжителна документација која треба да ја достават:**

Кандидатите кои конкурираат за **претседатели и заменици-претседатели** на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит, треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да има завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветниот предмет, односно соодветната струка/сектор;
- да е од редот на наставниците од соодветниот наставен предмет/струка/сектор во основните/средните училишта во РСМ;
- да има најмалку 7 години работен стаж во верифицирана воспитно образовна установа и/или наставници од акредитирани високообразовни установи од соодветната област, предност има кандидатот со искуство како ментор на приправник;

**Кандидатите потребно е да ги достават следните документи:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.мк);
- копија заверена на нотар од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- оригинал потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 7 години како наставник/стручен соработник во воспитно-образовна дејност, издадена од основните/средните училишта во РСМ;
- доказ за реализирано менторство (решение за назначување за ментор и програма за поддршка на приправникот) доколку го има.

**III.** Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, **а доколку на конкурсот се пријават поголем број кандидати од потребните за одреден предмет и/или струка/сектор кои ги исполнуваат условите на конкурсот**, **на интервју ќе се повикуваат кандидатите кои имаат претходно искуство како ментори на приправници**, по што ќе следи конечен избор.

**IV.** Кандидатите кои ќе бидат избрани за претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит за наставници и стручни соработници, ќе бидат ангажирани за период од **4 (четири) испитни сесии** (пролетна и есенска сесија за 2025 и 2026 година)**.**

**V.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е **5 (пет) работни дена** сметано од денот на објавување на огласот во дневните весници.

**VI.** Ненавремена, невалидна и некомплетна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**VII.** Пријавата со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов" б. б. 1000 Скопје*, со назнака „**За јавен конкурс за претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит**".

**VIII.** ***Дополнителни информации заинтересираните лица можат да добијат на телефонскиот број 075/300-606, секој работен ден***.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР